РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08- 1917
12. 06. 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 149 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 63 седница одржана на 05.06.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Фармација", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св, Кирил и Методиј" Скопје

1. Се акредитира студиската програма „Фармација", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св, Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на фармацевтски науки /во меѓународен промет академски назив: PhD in Pharmaceutical sciences.

Научно - истражувачко подрачје: 3 Медицински и здравствени науки; Научно – истражувачко поле: 3.05.02 Фармација, Научно – истражувачка област: 3.05.02.01 Фармацевтска хемија, 3.05.02.02 Фармакоинформатика, 3.05.02.03 Фармакогенетика, 3.05.02.04 Социјална фармација, 3.05.02.05 Имунохемија, 3.05.02.06 Историја на фармација, 3.05.02.07 Аналитика на лекови, 3.05.02.08 Применета хемија и фармацевтски инструментални анализи, 3.05.02.09 Фармацевтска, Ботаника, 3.05.02.10 Фармакогнозија, 3.05.02.11 Биофармација, 3.05.02.12 Фармацевтска биотехнологија, 3.05.02.13 Фармацевтска технологија со индустриска фармација и микро/нанотехнологија, 3.05.02.14 Применета биохемија, 3.05.02.15 Броматологија, 3.05.02.16 Фармацевтска токсикологија, 3.05.02.17 Друго.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Лидија Петрушевска – Този, проф. д-р Љубица Шутуркова, проф. д-р Катерина Горачинова, проф. д-р Анета Димитровска, проф. д-р Светлана Кулеванова, проф. д-р Александар Димовски, проф. д-р Билјана Бауер - Петровска, проф. д-р Рената Славеска - Раички, проф. д-р Татјана Кадифкова - Пановска, проф. д-р Кристина Младеновска, проф. д-р Руменка Петковска, проф. д-р Марија Главаш - Додов, проф. д-р Маја Симоновска - Црцаревска, проф. д-р Ѓоше Стефков, проф. д-р Александра Гроздановa, проф. д-р Зоран Стерјев, проф. д-р Јасмина Тоник - Рибарска, проф. д-р Ана Поцева - Пановска, проф. д-р Катерина Брезовска, проф. д-р Марија Хиљадникова Бајро, проф. д-р Катерина Анчевска Нетковска, проф. д-р Никола Гешковски, проф. д-р Лилјана Анастасова, проф. д-р Тања Петреска Ивановска, проф. д-р Наталија Наков, проф. д-р Марија Карапанџова, проф. д-р Јелена Ацевска, проф. д-р Зорица Наумовска, проф. д-р Александра Капедановска Несторовска, проф. д-р Надица Матевска Гешковска.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 02-144/43 од 29.12.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Фармација", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св, Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 03-34/1 од 09.01.2026 година (наш бр. 08 - 19/1 од 09.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 46-та седницата одржана на 26.01.2026 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 – 19/6 од 08.06.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024). и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 63-та седница одржана на 05.06.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков